**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ-СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

## НА
## ИНСТИТУТОТ ЗА ДУХОВНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ - СКОПЈЕ

**Број 20**

**ISSN 2545-4811** (печатено издание)
**ISSN 2545-4846** (електронско издание)

**Скопје, 1 декември 2022 година**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО ЈУЛИ 2016 ГОДИНА

***Издавач*:**
**ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје**
Адреса: „Булевар ИЛИНДЕН“, бр. 99, Скопје

***За издавачот:***
**Проф. д-р Скендер Асани, директор**

***Уредник на издавачката дејност:***
**Проф. д-р Севдаиљ Демири**

***Уредник на Билтенот:***
**Проф. д-р Сефер Тахири**

***Лектор:***
**Проф. Ирена Петреска**

 ISSN 2545-4846

Бр. 1003-227/1
Дт. 25.07.2017, Скопје
Скопје

Предмет: Материјали за објавување во Билтен

Согласно Законот за научно истражувачка дејност и член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012) и согласно одлуката на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците за објавување на билтенот со број 0201-74/3, на веб-страницата на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, ќе се објавуваат рефератите за избор во научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми и рецензиите на учебници.

Потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во овој Билтен, благовремено да се доставуваат и во електронска форма (kontakt@itsh.edu.mk), како Microsoft Word 2003 doc. во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia.

Истата содржина на Билтенот се ажурира и во печатена и во електронска форма, регистрирана со број во системот на ISSN (International Standard Serial Number)-Меѓународен стандарден број за сериски и тековни публикации кој овозможува идентификација и контрола на сите извори во континуитет издадени на национално и интернационално ниво.

 ISSN 2545-4846

- **СОДРЖИНА на Билтен бр. 20, од 1 декември 2022 год.:**
- **PËRMBAJTJA e Buletinit nr. 20, datë 1 dhjetor 2022:**


- **РЕФЕРАТ** ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ОДДЕЛОТ ЗА ИСТОРИЈА НА АЛБАНЦИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ДЕМОГРАФСКИТЕ ДВИЖЕЊА (**д-р Агрон Салихи**) ........................................................................ **стр. 5 – 13**
- **РЕФЕРАТ** ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ЕДУКАЦИЈА И ПРОУЧУВАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ (м**-р -р Ардиан Рамадани**) ........................................................................................................ **стр. 14 – 19**
- **РЕФЕРАТ** ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛОТ ЗА АЛБАНСКО-ОСМАНСКИ ОДНОСИ (**м-р Лаура Папранику Бејтулау**) ........................................................................................................ **стр. 20 – 24**
- **РЕФЕРАТ** ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА (**Саљи Ислами**) ...................................... **стр. 25 – 27**

* * * * *

- **REFERAT** PËR ZGJEDHJEN E NJË BASHKËPUNËTORI SHKENCOR NË DEPARTAMENTIN E HISTORISË SË SHQIPTARËVE TË MAQEDONISË SË VERIUT DHE LËVIZJEVE DEMOGRAFIKE **(dr. Agron Salihi)** .......................... **fq. 33 – 41**
- **REFERAT** PËR ZGJEDHJEN/RIZGJEDHJEN E NJË ASISTENTI HULUMTUES NË DEPARTAMENTIN PËR HULUMTIMIN DHE STUDIMIN E HOLOKAUSTIT (**mr. Ardian Ramadani**) ........................................................................ **fq. 42 – 46**
- **REFERAT** PËR ZGJEDHJEN/RIZGJEDHJEN E NJË ASISTENTI HULUMTUES NË DEPARTAMENTIN E MARRËDHËNIEVE SHQIPTARE-OSMANE (**mr. Laura Papraniku Bejtullau**) ..................................................................... **fq. 47 – 51**
- **REFERAT** PËR ZGJEDHJEN/RIZGJEDHJEN E NJË ASISTENTI TË RI HULUMTUES NË DEPARTAMENTIN E KULTURËS MATERIALE (**Sali Islami**)........... **fq. 52 – 54**

 ISSN 2545-4846

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ОДДЕЛОТ ЗА ИСТОРИЈА НА АЛБАНЦИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ДЕМОГРАФСКИТЕ ДВИЖЕЊА ПРИ ИДКНА - СКОПЈЕ

Врз основа на објавениот јавен конкурс на ден 21.10.2022 година во дневните весници „Љајм“ и „Нова Македонија“ и на веб-страницата (www.itsh.edu.mk) за избор во научно звање на научен соработник во Одделот за историја на Албанците во Северна Македонија и демографските движења, Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје на својата редовна 190 седница, одржана на 2.11.2022, донесе одлука бр. 0201-887/3, со која нè избра за членови на рецензентската комисија во состав: проф. д-р Севдаиљ Демири - претседател на комисијата, доц. д-р Минир Адеми - член и доц. д-р Бесник Рамети - член.

Заблагодарувајќи се на довербата, по детален преглед и научно вреднување на доставените материјали, комисијата има чест до Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанци во Скопје да го достави следниов:

### ИЗВЕШТАЈ

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, констатира дека за избор во звање научен соработник во Одделот за историја на Албанците во Северна Македонија и демографските движења при Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, се пријавил само еден кандидат:

**Д-р Агрон Салихи.**

### 1. Биографија и образование

Д-р Агрон Салихи е роден на 5 април 1974 година во с. Слатино - Тетово, каде завршил основно образование, а средното во Гимназијата во Тетово (1992/93), природно-математичка насока. Во 1995/96 година се запишал на студии на Природно-математички факултет на Државниот универзитет во Тетово, отсек географија, каде дипломирал во 2000 година и се стекнал со звање - професор по географија.

Во 2008 година кандидатот д-р Агрон Салихи се запишал на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет на Државниот универзитет во Тетово, отсек: Географија - Регионална географија, каде на 15 февруари 2013 година ја одбранил магистерската тема со наслов: „Демографски движења во

 ISSN 2545-4846

Полошкиот Регион“ (1953-2002), стекнувајќи се со звање магистер по регионална географија.

Во 2015 година се запишува на докторски студии на Институтот за национална историја во Скопје, каде на 26 јули 2022 ја одбранил докторската дисертација со наслов „Просветно-културниот развој во Тетово и Тетовско (1945-1991)“ и се стекнува со звање: доктор по хуманистички науки.

Д-р Агрон Салихи во периодот 2006 - 2007 се вработува како професор по предметот Географија во основното училиште „Кирил и Методиј“ во Тетово. Во 2008 година се вработува во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје, каде е избран за помлад асистент на Одделот за историја на Албанците во Македонија и демографските движења.

## 2. Научноистражувачка активност

По направената анализа на доставените материјали од научноистражувачкиот опус на кандидатот во периодот од неговото магистрирање до денес, можеме да констатираме дека неговиот научен фокус е насочен кон проучувањето на прашањата и проблемите поврзани со расветлување на животот, дејноста и културно-просветниот и демографскиот развој на Албанците во Северна Македонија и пошироко.

Научните престои и истражувањата во историските архиви и статистички субјекти во земјата и странство му овозможиле на кандидатот д-р Агрон Салихи да учествува со научни реферати во научни списанија. Автор е на поголем број објавени статии и прилози во неколку научни списанија. Неговите статии се засновани на архивски и статистички документи заради елаборација и демографска и образовна анализа на Албанците во Северна Македонија и надвор од неа.

Со досегашната своја научноистражувачка дејност, д-р Агрон Салихи покажува крајно внимателен пристап кон научната проблематика која е тема на неговиот интерес, анализирајќи ја исклучително сериозно веродостојноста на објавените научни информации. Во своите трудови внесува концизен историски, демографски и образовен контекст за карактеристиките во развојните текови и отворањето на критичкиот однос кон егзистенцијалните состојби на Албанците и прашањата поврзани со нив во периодот од крајот на XIX, па сè до почетокот на XX век.

Кандидатот д-р Агрон Салихи, покрај научното и професионално формирање, својата научна преокупација ја ориентира во правец на истражувањата на демографските движења во Република Северна Македонија. Неговите ставови и согледувања ги презентирал во неколку издадени трудови, од кои ги издвојуваме: “Karakteristikat demografike të Pollogut (1953-2002)”, издадено во “Studime Albanologjike” бр. 3, ИДКНА, Скопје, 2011. "Kapacitetet e komunës së

Tearcës për tërheqjen e turistëve", издаден во списанието "SCUPI" бр. 3, ИДКНА, Скопје, 2012. "Ndryshimet demografike në qytetin e Shkupit në periudhën 1948-1971, издаден во "Kërkime historike", бр. 7, ЗИАМ, Скопје, 2013. "Toponimia e fshatit Sllatinë të Tetovës", издаден во "SCUPI", бр. V, ИДКНА, Скопје, 2014. "Lëvizjet demografike të shqiptarëve në Shkup me rrethinë midis dy luftërave" (коавтор), издаден во "SCUPI" бр.12, ИДКНА, Скопје, 2015. "Përbërja arsimore e popullsisë së Pollogut gjatë viteve 1953-2002", издаден во "Kërkime historike", бр. 9-10, ЗИАМ, Скопје, 2017. "Numri dhe madhësia e familjeve në rajonin e Pollogut", издаден во "Kërkime historike", бр.14, ЗИАМ, Скопје, 2019. "Një vështrim i shkurtër rreth përbërjes fetare të popullsisë së rajonit të Pollogut (1944-2002)", издаден во "Studime Albanologjike" бр. 19, ИДКНА, Скопје, 2019.

Покрај издадените статии, исто така треба да истакнеме дека кандидатот е и уредник на неколку книги: "20 vite Gazetari" на авторот Берат Азизи, Тетово, 2018, ,,Албанските народни носии во Струшко" со авторот Рини Усеини, Скопје, 2019.

Кандидатот д-р Агрон Салихи учествувал на повеќе национални и меѓународни конференции со научни трудови, од кои ќе издвоиме: меѓународни конференции со наслов: "Albanologjia" (International Journal of Albanology), организирана од Универзитетот во Тетово, со тема: "Ndikimi dhe përdorimi i digjitalizimit të trashëgimisë kulturore", Tetovë, 2018, како и учество во "International Conference of Natural Sciences And Mathematics", организирано од Факултетот за природни науки во ДУТ, со тема: "Illiterate in Tetovo and its area and the forms for its solution in the period (1945-1951)", 2018.

Д-р Агрон Салихи зел активно учество во реализирање на повеќе научно-едукатини проекти на меѓународни и регионални семинари, како и студиски програми од областа на образованието, демографијата, културата и други слични области.

Од полето на учеството во едукативно-научни проекти издвојуваме: носител на проектот „Образованието во Тетово и околијата 1945-1991", поддржано од Министерството за култура на Република Северна Македонија (2019); „Културните институции во Тетово и околијата 1945 - 1991", проект поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија, реализиран во 2020 г. Учесник е во многу проекти реализирани од нашиот Институт, како што се: „Презентација на културното наследство пред младите" (2016); „Културата и фолклорот на Албанците од Македонија во времето на Југославија" (2017); „Мешаните бракови во времето на поранешна Југославија од фолклорен и антрополошки поглед" (2018); „Мали чекори за големи луѓе" (2018) итн.

Во научниот профил на д-р Агрон Салихи се редат и други активности: член на редакцијата на списанието "SCUPI", исто така секретар на редакцијата "SCUPI" бр.1-2012, бр.2-2012, бр.3-2012, бр.4-2012, бр.5-2014, бр.6-2014, бр.7-2014, бр.8-2015, бр.9-2015, бр.10-2015, бр.13-2015, како и коректор во бр. 18-2017. Бил секретар на редакцијата на научното списание "Kërkime historike" на Здружението

на историчари Албанци во Македонија: бр.7-2013, бр.8-2014, бр.9-10-2017, бр.11-2018, бр.12-2018, бр.13-2019, бр.14-2019, бр.15-2020, бр.16-2020; член на редакцијата на списанието "Kërkime historike" në numrat: бр.8-2014, бр. 9-10-2017, бр.11-2018, бр.12-2018, бр.13-2019, бр.14-2019, бр.15-2020, бр.16-2020, како и консултант во книгата "Jeta ime nën pushtimin nazist /memoare/" од автор Мими Камхи Ергас-Фарацхи, Скопје, 2018.

### 3. Заклучок и предлог:

Од сè погоре споменато, очигледно е дека кандидатот добро ги познава проблемите на кои се фокусира и во иднина мислиме дека се очекуваат резултати и нови придонеси во полето на демографијата и образованието.

Потпирајќи се на претставената документација за општата дејност на кандидатот, во согласност со Правилникот за условите и критериумите, процедурата и начинот на избор во научно-образовни звања, во согласност со Законот за високо образование и Законот за научноистражувачка дејност, Рецензентската комисија оценува дека се исполнети условите кандидатот да се избере во звањето Научен соработник.

Од ова што го претставивме погоре, имаме задоволство и чест на Советот на Институтот за духовно културно наследство на Албанците во Скопје да му предложиме кандидатот д-р Агрон Салихи да се избере во научното звање НАУЧЕН СОРАБОТНИК, во Одделот за историја на Албанците во Македонија и демографските движења.

Скопје, 25.11.2022

***Рецензентска комисија:***

1. Проф. д-р Севдаиљ Демири, председател, с.р.
2. Доц. д-р Минир Адеми, член, с.р.
3. Доц. д-р Бесник Рамети, член, с.р.

 ISSN 2545-4846

**Анекс:**

**ОБРАЗЕЦ**

НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р Агрон Салихи**
Институција: **Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје**
Оддел: **Историја на Албанците во Северна Македонија и демографските движења**

| **ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И НАСТАВНОНАУЧНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **дома** | **меѓун** |
| **1.** | **Одбранет магистерски труд на тема** “Lëvizjet Demografike në Rajonin e Pollogut (1953-2002)". | 5 | |
| **2.** | **Одбранет докторски труд на тема** „Просветно-културниот развиток во Тетово и Тетовско (1945-1991)“. | 8 | |
| | **Вкупно:** | **13** | |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, публикувани во референтни научни/професионални списанија** | | |
| | Демографските карактеристики во Полог (1953-2002), “Studime Albanologjike” бр. 3 ИДКНА, Скопје, 2011, стр. 165-179. | 4 | |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, публикувани во референтни научни/професионални списанија и меѓународна редакција** | | |
| | Краток осврт на верската припадност на населението во Полошкиот Регион (1944-2002), “Studime Albanologjike” бр. 19 ИДКНА, Shkup, 2019, стр. 233-241 | | 6 |
| | “Albanologjia” (International Journal of Albanology). “Ndikimi dhe përdorimi i digjitalizimit të trashëgimisë kulturore” - ДУТ Тетово, 2018. | | 6 |
| | “International Conference Of Natural Sciences And Mathematics”. ,,Illiterate in Tetovo and its area and the forms for its solution in the period (1945-1951)”, ДУТ - Тетово, 2018. | | 6 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати публикувани во професионална збирка на научни реферати.** | | |
| | Капацитетите на општина Теарце за привлекување туристи, SCUPI бр. 3, ИДКНА, Скопје, 2012, стр. 213-223. | 3 | |
| | Топонимија на село Слатино, Тетовско, SCUPI бр. V. ИДКНА, | 3 | |

 ISSN 2545-4846

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Скопје, 2014, стр. 191-199. | | |
| | „Демографските движења на Албанците во Скопје и околината помеѓу двете војни“ (коавтор), SCUPI бр. 12, ИДКНА, Скопје, 2015, ст.306-322. | 2 | |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни резултати во научни популазирани професионални списанија** | | |
| | „Демографските промени на град Скопје во периодот 1948 – 1971“, “Kërkime historike”, бр.7, ЗИАМ, Скопје 2013, стр, 43-52. | 3 | |
| | „Образовна структура на населението во Полог меѓу годините 1953 – 2002“, “Kërkime historike”, бр. 9-10, ЗИАМ, Скопје 2017, стр. 135-148. | 3 | |
| | „Бројот и големината на семејството во Полошкиот Регион“, “Kërkime historike”, бр.14, ЗИАМ, Скопје 2019, | 3 | |
| | **Вкупно:** | **39** | |
| **7.** | **Раководител на научен проект и учесник во проект** | | |
| | Раководител на проектот „Образованието во Тетово и Тетовско 1945 – 1991“, Министерство за култура, (2019) Р.М. | 6 | |
| | Раководител на проектот „Културните институции во Тетово и Тетовско 1945 – 1991“, Министерство за култура, (2020) Р.М. | 6 | |
| | Дел од научноистражувачкиот проект „Историјата на северо-источните албански краеви“, (2022-2025) ИДКНА. | 3 | |
| | Модератор на проектот на тема: „Работилница за културно наследство во Република Македонија“, (2013) ИДКНА. | 2 | |
| | Соработник на проектот на тема: „Преставување на културното наследство пред младите“, (2016) ИДКНА. | 2 | |
| | Стручен соработник на проектот на тема: ,,Култура и фолклор на Албанците од Македонија за време на Југославија“, (2017) ИДКНА. | 2 | |
| | Соработник во проектот на тема: „Мешаните бракови во времето на поранешна Југославија во фолклорен и антрополошки поглед“. (2018) | 2 | |
| | Соработник на проектот на тема: „Мали чекори за големи луѓе“ (2018). Здружение на историчари Албанци во Македонија. | 2 | |
| | **Вкупно:** | **25** | |
| **8.** | **Учество на научен собир со реферат** | | |
| | Излагање на научна трибина организирана од **Здружение за култура "TRADITA",** Тетово, “Roli i monumenteve historike në zhvillimin e turizmit kulturor në qytetin e Tetovës”, 14 октомври 2017, Тетово. | 1,5 | |
| **9.** | **Уредник или рецензент на научни и стручни публикации.** | | |
| | Уредник на книгата “20 vite Gazetari” на авторот Berat Azizi, | 1 | |

 ISSN 2545-4846

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Тетово, 2018. | | |
| | Уредник на книгата ,,Албанските народни носии во Струшко“ на авторот Рини Усеини, Скопје 2019 | 1 | |
| | **Вкупно** | **3,5** | |
| **10.** | **Уредник / член на Редакцискиот совет на научни списанија или збирка со научни трудови:** | | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр. 1-2012, Институт за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје. | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр. 2-2012 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр.3-2012 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр.4-2012 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр. 5-2014 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр. 6-2014 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр. 7-2014 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр.8-2015 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр.9-2015 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр.10-2015 | 1 | |
| | Секретар на редакција на периодичното списание “Scupi”, бр.13-2015 | 1 | |
| | Коректор “Scupi” бр. 18-2017. | 1 | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 7 Скопје, 2013, Здружение на историчари Албанци во Македонија. | 1 | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 8 Скопје, 2014 (ЗИАМ) | 1 | |
| | Член на редакција на научно списание “Kërkime Historike”, бр.8. Скопје, 2014. Здружение на историчари Албанци во Македонија. | 1 | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 9-10 Скопје, 2017 (ЗИАМ) | 1 | |
| | Член на редакција на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 9-10 Скопје, 2017. | 1 | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 11 Скопје, 2018. | 1 | |
| | Член на редакција на научно списание “Kërkime Historike”, | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | бр.11. Скопје, 2018. | | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 12 Скопје, 2018. | 1 | |
| | Член на редакција на научно списание “Kërkime Historike”, бр.12. Скопје, 2018. | 1 | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 13 Скопје, 2019. | 1 | |
| | Член на редакција на научно списание “Kërkime Historike”, бр.13 Скопје, 2019. | 1 | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 14 Скопје, 2019. | 1 | |
| | Член на редакција на научно списание “Kërkime Historike”, бр.14. Скопје, 2019. | 1 | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 15 Скопје, 2020. | 1 | |
| | Член на редакција на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 15 Скопје, 2020. | 1 | |
| | Секретар на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 16 Скопје, 2020. | 1 | |
| | Член на редакција на научно списание “Kërkime Historike”, бр. 16 Скопје, 2020. | 1 | |
| | Консулент на книгата „Мојот живот под нацистичка окупација“ - “Jeta ime nën pushtimin nazist” /мемоари/ од авторот Mimi Kamhi Ergas-Faraxhi, Скопје, 2018. | 0,5 | |
| | Учество на конференција во рамките на Школата за докторски студии при УКИМ, на тема: „Организација на албанските училишта во Тетово и околина 1945-1990“. | 0,5 | |
| | Учество на конференција во рамките на Школата за докторски студии при УКИМ, на тема: „Неписменоста во Тетово и Тетовско и формите на нејзиното искоренување во периодот 1945 - 1952 година“. Скопје 14.5.2018. | 0,5 | |
| | Учество на конференција во рамките на Школата за докторски студии при УКИМ, на тема: „Формирањето и активностите на културно-уметничките друштва од Тетово во периодот 1956 - 1991 година“. Скопје, 2019. | 0,5 | |
| | Учество во конференција: “INTERNATIONAL CONFERENCE OF NATURAL SCIENCES AND MATHEMATICS” University of Tetova (2018). | 0,5 | |
| | Член на организационен одбор: ,,Етнокултурата во областа на Гостивар“, Здружение на албанска етнокултура ETNOALB (2019), Гостивар. | 0,5 | |
| | **Вкупно** | **32** | |

 ISSN 2545-4846

| **КУМУЛАТИВНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ** | |
|---|---|
| **Научноистражувачка и наставно-научна дејност** | **80,5** |
| **Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес** | **32** |
| **ВКУПНО** | **112,5** |

Скопје, 25.11.2022

***Рецензентска комисија:***

1. Проф. д-р Севдаиљ Демири, председател, с.р.
2. Доц. д-р Минир Адеми, член, с.р.
3. Доц. д-р Бесник Рамети, член, с.р.

 ISSN 2545-4846

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ЕДУКАЦИЈА И ПРОУЧУВАЊЕ НА ХОЛОКАУСТОТ ПРИ ИДКНА – СКОПЈЕ

Со одлука на Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, бр. 0201-887/4 од 2.11.2022 г., избрани сме за рецензенти за одлучување по објавен јавниот конкурс на 21.10.2022 г. во дневните весници „Љајм“ и „Нова Македонија“ и веб-страницата на Институтот, за избор/реизбор на еден асистент истражувач во Одделот за едукација и проучување на Холокаустот, во ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Иљбер Села - претседател и членовите проф. д-р Миљаим Фетаи и доц. д-р Минир Адеми, врз основа на приложените документи на Советот на Институтот го поднесуваме следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, едногласно констатира дека за реизбор во звање асистент истражувач во Одделот за едукација и проучување на Холокаустот во Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, се пријавил само еден кандидат:

**М-р Ардиан Рамадани.**

### I. Биографски податоци и образование:

Кандидатот Ардиан Рамадани е роден на 30.11.1983 година во Куманово. Основното училиште го завршил во ОУ „Маршал Тито“ во Село Опае, Куманово, со одличен успех, каде што бил избран за најдобар ученик. Средното гимназиско образование го завршил во 2002 година во СУ Гимназија „Гоце Делчев“ во Куманово, со одличен успех, каде бил еден од најистакнатите ученици.

Додипломските студии ги завршил во 2006 г. на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово на Катедрата за јазици - Факултет за француски јазик и книжевност, со извонреден успех, каде што бил избран за најдобар студент на годината. За тоа му е доделено признание од страна на Ректоратот и Владата.

Во 2009 година кандидатот завршил постдипломски студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Факултет за јавна администрација и политички науки - насока Дипломатија и меѓународни односи, со истакнат успех.

 ISSN 2545-4846

Ардиан Рамадани има долгогодишно искуство како професор, преведувач, колумнист, истражувач и автор на книги и научни трудови.

На крајот на 2019 година  Ардиан Рамадани е избран за асистент истражувач во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје.

Во 2021 година Ардиан Рамадани запишал докторски студии и е докторанд на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Ардиан Рамадани има долгогодишно искуство како професор, преведувач, толкувач, модератор, учесник со трудови на различни конференции, колумнист, истражувач и автор на книги и научни трудови.

**II. Оцена на научноистражувачките резултати:**

Кандидатот м-р Ардиан Рамадани во научноистражувачката дејност е познат по повеќе научни трудови кои се резултат на научно истражување во текот на студирањето, при изработката на магистерскиот труд, како и по неговата одбрана.

Од неговиот последен избор за асистент истражувач до сега, објавил голем број научни трудови, учествувал на повеќе научни конференции и покажал голем интерес за неговата професионална работа.

***-Научни и професионални трудови:***

1. „Поларизацијата на односите на двајцата премиери води кон биполарност”, месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења“, XI-а година,  бр. 126, октомври 2021 година;
2. „Европизација или натамошна балканизација на Балканот“, месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења“, XI-а година,  бр. 127, ноември 2021 година;
3. „Европизација или понатамошна балканизација на Балканот под призмата на францускaта методологија на проширување“, Балканологија 3, „Балканот меѓу митот, реалноста и перспективата“ (акти на Меѓународната научна конференција одржана на 23.10.2020 година), издание на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, 2021 година;
4. „Панбалканизмот и балканскиот минишенген наспроти европеизмот“, месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења“, XI-а година,  бр. 128, декември 2021 година;
5. „Јазикот и зборовите погрешно употребени во преведените текстови“, Скупи, том 31, (објавен труд од научната конференција одржана на 24.9.2020 година, со наслов „Албанскиот јазик и училиште во Северна Македонија“),

 ISSN 2545-4846

издание на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, 2021 година;

6. „Песни и ора на регионот на Бретања во Франција и нивна споредба со албанските песни и ора", Скупи, том 32, (објавен труд од научната конференција одржана на 6.5.2021 година, со наслов „Народна песна - вредност на културното наследство"), издание на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, 2021 година;
7. „Албанското раководство во 2022 година", месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења", XII-а година, бр. 130, февруари 2022 година;
8. „Денешна воздишка, ѕвонче на утрешниот татнеж", месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења", XII-а година, бр. 131, март 2022 година;
9. „Руската инвазија во Украина, предизвик за светскиот поредок", месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења", XII-а година, бр. 132, април 2022 година;
10. „Поделеното братство", месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења", XII-а година, бр. 135, јули 2022 година;
11. „Самоубиството на македонската опозиција", месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења", XII-а година, бр. 136, август 2022 година;
12. „Руското влијание на Балканот - опасност за мирот и стабилноста", месечно, национално, политичко, економско и културно списание „Шења", XII-а година, бр. 137, септември 2022 година;
13. „Панбалканизмот и балканскиот мини шенген наспроти европеизацијата", Балканологија 4, Балканот меѓу европската интеграција и регионалната соработка (Зборник на трудови од меѓународната научна конференција одржана на 28.10.2021 г.), издание на ИДКНА - Скопје, октомври 2022 година, како и дел од организацискиот совет и редакцискиот одбор;
14. „Национална политика или наднационална солидарност", месечно национално, политичко, економско и културно списание „Шења", XII-а година, бр. 139, ноември 2022 година.

***-Преведени дела:***

1. 10 октомври 2020 година - превод од француски на албански јазик на книгата на Марк Габорио "Retour sur la sociologie différentielle de l`Islam", shq. (Враќање кон диференцијалната социологија на исламот);

2. Превод од француски на албански јазик на интервјуто со францускиот амбасадор г. Ален ле Роа, - месечно национално, политичко, еконономско и културно списание „Шења“, XI-а година, бр. 124, август 2021 година.

***- Успешно професионално искуство:***

***28 Септември 2022 година - денес -*** професор по француски јазик во Академијата за судии и јавни обвинители, ангажиран од Француската амбасада и Францускиот институт во Скопје

***10 февруари 2022 година -*** преведувач на француски, албански и македонски јазик на делегацијата на Државното правобранителство на Северна Македонија на средба со претставниците на Дирекцијата за правни работи на Република Франција (Државно правобранителство на Франција)

***28 Септември 2021 година - денес -*** професор по француски јазик во Агенцијата за разузнавање и контраразузнавање, ангажиран од Француската амбасада и Францускиот институт во Скопје.

***-Награди, конференции, признанија, симпозиуми и обуки:***

**27 октомври 2022 година,** модератор и учесник со научен труд на петтото издание на научната конференција за Балканологија „Балканот и глобализацијата”, организирана од ИДКНА - Скопје, со наслов „Влијанието на Русија и руско-украинската војна на Балканот - опасност за мирот и стабилноста“;

**1 септември 2022 година,** модератор во програмата за промоција на книгата на авторот Зеф Нока „Репортажи на швајцарските весници за Мајка Тереза“ организирана од ИДКНА - Скопје, по повод 112-годишнината од смртта и 25-годишнината од раѓањето на Мајка Тереза;

**12 август 2022 година,** модератор на манифестацијата „Скопје, израз на духовната и културната ревитализација на нашиот национален простор“, организирана од ИДКНА - Скопје, по повод 110-годишнината од ослободувањето на Скопје од албанските востаници;

**16 јуни 2022 година,** учесник на научната конференција организирана од ИДКНА - Скопје, насловена „Ритуали на животниот циклус: раѓање, брак и смрт, со посебен акцент на смртта на албанските војници за време на Југославија“;

**08 јуни 2022 година -** преведувач и толкувач на француски, албански и македонски јазик на конференцијата „Климатските предизвици и животната средина”, организирана од Амбасадата на Франција, Францускиот институт во

Скопје и Францускатa алијанса во Тетово во рамките на француското претседателство со Советот на ЕУ;

***06 јуни 2022 година,*** модератор во програмата за промоција на книгата на Инес Ангели Мурзаку, со наслов „Мајка Тереза, светица од предградијата";

***25 мај 2022 година***, организатор и модератор на меморијалниот настан во чест и спомен на активистот за националната кауза Наим Ибрахими;

***17 мај 2022 година,*** модератор во програмата за промоција на книгата на Александар Стипчевиќ „Традиционална култура на задарските Арбнеши (Арбанаси)";

***14-22 ноември 2021 година,*** модератор на третото издание на културно-научната манифестација „Денови на азбуката на албанскиот јазик", со централна тема „Јазикот, литературата, културата и традицијата на Арберешите".

***28 октомври 2021 година,*** учесник на научната конференција организирана од ИДКНА - Скопје, насловена како „Панбалканизмот и балканскиот мини шенген (Отворен Балкан) наспроти европеизацијата";

***3 август 2021 година,*** модератор на трибината организирана од Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, насловена „Скопје на новите албански адреси, одраз на духот на Охридскиот договор";

***06 мај 2021 година,*** учесник на научната конференција организирана од Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, насловена „Песни и ора на регионот Бретања во Франција и нивна споредба со албански песни и ора";

***23 октомври 2020 година,*** учесник на научната конференција организирана од Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, насловена „Европеизација или понатамошно балканизирање на Балканот под призмата на француската методологија на проширување";

***19 октомври 2020 година,*** признание од Судскиот совет на Република Северна Македонија за придонесот даден за време на преводите и соработката како преведувач во Француската амбасада и во културното образование на судиите во РСМ;

***13 октомври 2020 година,*** признание од Министерството за здравство на Република Северна Македонија за придонесот даден за време на преведувањето и соработката како преведувач во Амбасадата на Франција

***07 октомври 2020 година,*** благодарница од Државното правобранителство на Република Северна Македонија за придонесот даден за време на преведувањето и соработката како преведувач во Амбасадата на Франција;

 ISSN 2545-4846

***24 септември 2020 година,*** признание од Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје, за учеството на научната конференција „Албанскиот јазик и училиштето во Северна Македонија“.

### III. Заклучок и предлог

Врз основа на приложената документација и изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот и во согласност со Правилникот за условите и критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања, како и Законот за високото образование и Законот за научноистражувачка дејност, Рецензентската комисија констатира дека се исполнети условите кандидатот да биде реизбран на научно звање. Особено ја цениме високата професионална подготовка и придонесот на кандидатот кои ги дал и можноста за негово понатамошно научно усовршување во полето на пишувањето, истражувањето и преводите на француски и албански јазик.

Врз основа на информациите изнесени во овој извештај, како и врз основа на бројните активности на научен, наставен и стручно-апликативен план, Комисијата констатира дека кандидатот досега покажал желба и амбиции во неговото усовршување и академско напредување, што претставува солидна основа за понатамошна кариера и успешно продолжување со научноистражувачката работа. Од сите гореспоменати причини, Рецензентската комисија до Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје доставуца предлог кандидатот м-р Ардиан Рамадани да биде реизбран во звање - асистент истражувач на Одделот за едукација и проучување на холокаустот при Институтот за духовно и културно и наследство на Албанците - Скопје.

*Скопје, 21.11.2022*

***Рецензентска комисија:***

1. Проф. д-р Иљбер Села – претседател, с.р.
2. Проф. д-р Милаим Фетаи - член, с.р.
3. Доц. д-р Минир Адеми - член, с.р.

 ISSN 2545-4846

# **Р Е Ф Е Р А Т**
## ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО ОДДЕЛОТ ЗА АЛБАНСКО-ОСМАНСКИ ОДНОСИ ПРИ ИДКНА – СКОПЈЕ

Врз основа на јавниот конкурс објавен во весниците „Љајм“ и „Нова Македонија“ и на веб-страницата (www.itsh.edu.mk) од 21.10.2022 година за избор/реизбор на еден асистент истражувач во Оделот за албанско-османски односи, Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје на својата 190. седницата одржана на 2.11.2022, со одлука бр. 0201-887/5, нѐ избра за членови на Рецензентската комисија, во следниот состав: проф. д-р Авзи Мустафа, претседател и членовите проф. д-р Сефер Тахири и доц. д-р Муртезан Идризи.

По извршената проверка на доставената документација, во својство на членови на Рецензентската комисија до Советот на Институтот го доставуваме следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

Откако Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација, утврди дека за избор на асистент истражувач во Одделот за албанско-османски односи при ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје, се пријавил само еден кандидат:

**М-р Лаура Папранику Бејтулау**

### **I. Биографски податоци и образование**

Лаура Папранику Бејтулау е родена на 12.5.1975 година во Дебар, каде завршила основно и средно образование. Додипломски студии завршила во Скопје на Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со просечна оценка 8,94. Со изработката на дипломскиот труд „Судир на тезите за потеклото на Албанците и албанскиот јазик“ и со 245 ЕКТС стекнати во текот на додипломските студии, на 18.12 2015 година се стекна со називот: дипломиран професор по албански јазик и книжевност. Постдипломски, односно магистерски студии, завршила на Факултетот за јазици, култури и комуникации на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, на студиската програма Менаџирање и раководење

